РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1392
14.09.2017 година
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА

| Примено | 15.09.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 08-1241/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Санитарен инженер, Општа медицинска сестра, Акушерка, Радиолошки технолог и Физиотерапевт на Висока медицинска школа при Универзитет „Св.Климент Охридски" во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Санитарен инженер, Општа медицинска сестра, Акушерка, Радиолошки технолог и Физиотерапевт на Висока медицинска школа при Универзитет „Св.Климент Охридски" во Битола

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола се обрати со барање бр. 08-1019/1 од 10.07.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1392 од 18.07.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Санитарен инженер, Општа медицинска сестра, Акушерка, Радиолошки технолог и Физиотерапевт на Висока медицинска школа при Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација бр. 17-515/2 од 20.06.2017 година, бр. 1409-175/4 од 07.07.2017 година, 1409-175/5 од 07.07.2017 година, 1409-175/3 од 07.07.2017 година и 1409-175/2 од 07.07.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1392 од 23.08.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус тригодишни студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 29.08.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1392 од 01.09.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус тригодишни студии по Санитарен инженер, Општа медицинска сестра, Акушерка, Радиолошки технолог и Физиотерапевт на Висока медицинска школа при Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Рената Дескоска**

Доставена до:
- Примач
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити